МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА
## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

Предлог-закони утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во декември 2021 г.

**15**

Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: **4**
- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: **0**
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: **4**

Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР: **0**
- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: **0**
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: **0**

Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР: **11**

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| МФ | 5 | 4 | 80% |
| МЗШВ | 4 | 3 | 75% |
| МТВ | 1 | 0 | 0% |
| МОН | 1 | 0 | 0% |
| МЗ | 1 | 1 | 100% |
| МТСП | 2 | 2 | 100% |
| МП | 1 | 1 | 100% |
| ВКУПНО | 15 | 11 | 73% |

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

*Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ) е програма на МЦМС финансирана од Европската Унија во периодот февруари 2018 – септември 2021. Во рамките на ГРЦ се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Овав активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 68**

**кај 4 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**11 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот се одредува според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во текот на декември 2021 и нивно поставување на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 31 декември 2021 г., до Собранието беа поднесени вкупно 18 различни предлог-закони, од кои за 15 постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие 15 предлог-закони, четири се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста. Останатите три предлог-закони немаат обврска да бидат ставени на ЕНЕР бидејќи се предложени од групи на пратеници.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, предложен од **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ),** Предлог-закон за регулирање на статуст на бесправно изградени објекти предложен од **Министерство за транспорт и врски,** Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, по скратена постапка, предложен од **Министерство за образование и наука,** Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, по скратена постапка, предложен од **Министерство за финансии.**

Предлог-закони за кои постоеше обврска да бидат ставени на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјодекството и руралната средина, Предлог-закон за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од Корона вирусот COVID-19 врз производството и откупот на земјоделски производи, по скратена постапка, Предлог-закон за дополнување на Законот за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од Корона вирусот COVID-19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија, по скратена постапка, предложени од **МЗШВ**; Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, по скратена постапка, предложен од **Министерство за здравство,** Предлог-закон за изменување на Законот за Царинска тарифа, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Северна Македонија за денационализација, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови, по скратена постапка, Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор наменет за финансирање на проектот „Интерконектор за пренос на природен гас Грција-Северна Македонија, дел на Северна Македонија", кој ќе се склучи помеѓу Европската инвестициона банка и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, по скратена постапка, предложени од **Министерство за финансии,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, предложени од **Министерство за труд и социјална политика,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија, предложен од **Министерство за правда.**

Во месечните преглед се разгледуваат и содржински предлог закони кои се објавени на ЕНЕР и кои се од значење за работењето на граѓанските организации.

Преку овој осврт ќе се овозможи организациите на поедноставен начин да се запознаат со содржината на предложените закони и значење кои тие би го имале врз нивното работење.

## Во овој број:

Предлог- Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита

**Предлог- Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка**

Овој предлог закон за прв пат го регулира и вклучувањето на здруженијата во системот на здравствена заштита.

Следствено, членот 8 од предлог-законот дава законска можност здруженијата да можат да спроведуваат одредени мерки и активности од здравствената дејност за ранливи и тешко достапни групи население коишто се од посебно значење за јавното здравје или се предвидени со програмите од член 16 став 1 алинеја 11 од овој закон, ако ги исполнуваат нормативите и стандардите кои ги пропишува Министерот за здравство. Член 9 подетално ја уредува работата на здруженијата при спроведување на одредени мерки и активности од здравствената дејност.

Согласно на овој член, здруженијата задолжително организираат здравствен пункт (стационарен или подвижем) каде се спроведуваат мерките и активностите од здравствената дејност за ранливи и тешко достапни групи население коишто се од посебно значење за јавното здравје или се превдидени со програми. Овие здравствени пунктови треба да исполнуваат пропишани услови во однос на простор, опрема и кадар. Проценката на исполнетоста на условите за давање на дозвола на здруженијата за спроведување мерки и активности од здравствената дејност ја врши комисија формирана од министерот за здравство. Мерките и активностите од здравствената дејност укажани во здравствените пунктови се на товар на Фондот за здравствено осигурување.

Министерството за здравство ги доделува средствата врз основа на јавен конкурс, во кој се наведени видот на мерките и активностите за кои се доделуваат средствата, висината на средствата кои се доделуваат, потребните документи кои се поднесуваат, роковите за спроведување на постапката по јавниот конкурс и временскиот период во кој ќе се спроведуваат мерките и активностите. Постапката за распишување и спроведување на јавниот конкурс ја води комисија формирана од министерство за здравство. Врз основа на мислењето на комисијата, министерот за здравство донесува решение за доделување на средства. Министерот за здравство склучува управен договор со здружението избрано на јавниот конкурс, со кој се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности во реализација на доделените средства.

Министерството за здравство врши контрола над работењето на здружението со кое е склучен управниот договор за реализацијата на мерките и активностите за кои се доделени средствата. Здружението го известува Министерството за здравство за реализацијата на мерките и активностите и трошењето на доделените средства најдоцна до 31 март во тековната година за реализираните средства од претходната година.

Ако се утврди дека здружението со кое е склучен управниот договор добиените средства за реализација на мерките и активностите ги троши ненаменски или доделената работа не ја врши во согласност со јавниот конкурс или не започнало со реализацијата на одредената работа во предвидениот рок, Министерството за здравство го прекинува натамошното обезбедување на средства на здружението, го раскинува договорот и покренува постапка за враќање на веќе доделените средства и надомест на штета.